**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 28.05.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.05.2021 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.
3. Предлог за давање одобрување за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2021-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година.
4. Предлог за изрекување мерка на ВИВА НЕТ од Берово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка на ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.05.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година. Објасни дека со предложениот ребаланс вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година останувaат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 125,317,233.00 денари. Со измените што се предлагаат треба да се обезбедат средства за јавна набавка од 708,000.00 денари наменети за анализа на родовите прашања за 2021 година. Посочи дека овие средства беа планирани во 2021 година, но при крајот на годината беше потпишан Анекс на договорот и се одложи реализацијата на претходната набавка за родови прашања и плаќањето беше извршено при крајот на април 2021 година. Од таа причина треба да се обезбедат овие средства. Ќе се направи само прераспределување во рамките на позицијата 417 која ќе остане на истото ниво бидејќи и едната ставка од која ќе се земат парите и другата ставка кај која ќе се распределат средствата се наоѓаат во истата група 417800 – Други неспомнати услуги – истражување. На оваа позиција се изврши прераспределба на средствата кои беа планирани за доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво и за оваа набавка беа планирани средства во износ од 1,888,000.00 денари. Меѓутоа, Агенцијата за наведената јавна набавка склучи договор со понизок износ од планираниот. Дел од останатите средства, односно 708,000.00 денари, Агенцијата ќе ги искористи за спроведување на јавната набавка – Анализа на родовите прашања за 2021 година. Објасни дека со овие измени во прилог на материјалите е доставена и Одлуката и Ребаланс на финансискиот план за 2021 година.

Г-дин Петрушевски рече дека во Дневниот ред има мали нејаснотии затоа што како наслов стои – Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата, додека во материјалите и одлуката која Советот треба да ја гласа е наведено како Предлог-одлука за одобрување на ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата. Објасни дека има мала непрецизност во дневниот ред и посочи во иднина да се внимава при изработка на дневните редови.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

Со предложениот ребаланс вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 125,317,233.00 денари.

Со ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 708,000.00 денари, наменети за анализа на родовите прашања за 2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2021-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година. Објасни дека измената се состои во префрлување од Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, на точката 8. Студија за можностите за воведување на дигитално радио и точката 9. Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2, кои се изземаат од таа глава и се префрлат во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, како точка бр.48. Студија за можностите за воведување на дигитално радио и точка бр.49. Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2, поради природата на предметот на јавни набавки. Оваа измена нема никакви финансиски импликации што значи дека износот на средствата останува непроменет. Законот за јавни набавки дава можност во текот на годината да се изврши измена на годишниот план за јавни набавки секогаш кога за тоа ќе се наметне потреба.

Г-дин Петрушевски дообјасни дека вакви типови на интелектуални услуги кои не се стандардни туку фирмата ги нарачува секогаш се ставаат како услуга. Доколку има интелектуален продукт како софтвер кој што е стандарден со лиценци тогаш се набавува како стока, како на пример лиценци за Windows. Тие се набавуваат како стока а ова е специфично затоа што тој што го изработува го изработува само за институцијата што го нарачала и не е за широка продажба, затоа е услуга.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2021-та година, бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, со текст како што беше предложен.

Постојниот Годишен план за јавни набавки во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-4473/1 од 30.12.2020 година, се менува на следниот начин:

- од Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, точката 8. Студија за можностите за воведување на дигитално радио и точката 9. Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2, се изземаат од таа глава и се префрлат во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, како точка бр.48. Студија за можностите за воведување на дигитално радио и точка бр.49. Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2, и тоа:

| | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Студија за можностите за воведување на дигитално радио | По потреба | услуга | Набавка од мала вредност | 380,000.00 |
| 9. | Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2 | По потреба | услуга | Набавка од мала вредност | 380,000.00 |

На сите останати точки соодветно им се поместуваат редните броеви за две места.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точки 4 и 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлозите за изрекување мерка на ВИВА НЕТ од Берово и на ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, објасни дека тие се слични затоа што се работи за прекршување на ист член од Законот. Рече дека е во дилема дали двете точки заеднички да се објаснат.

Г-дин Трајчевски рече дека може и двете заеднички да се образложат. Се работи за редовен програмски надзор над двата оператори и при тоа кај двата е констатирано реемитување на програмски сервиси кои што не се опфатени со потврдите издадени од Агенцијата. Кај ВИВА НЕТ е констатирано реемитување на еден странски канал, додека кај ТОТАЛ ТВ неколку домашни канали. Од таа причина им се наложува на операторите веднаш да ги исклучат овие програмски сервиси и потоа ќе се направи контролен надзор за да се провери дали постапиле по решението на Агенцијата, во спротивно постапката ќе продолжи со прекршочна постапка, а можно е и со постапка до МВР.

Г-дин Петрушевски рече дека директорот го прифатил неговиот предлог за заедничко објаснување на двете точки каде што прекршувањето од член на Законот е идентично додека за недозволеното реемитување се работи за различни канали како што објаснил.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2027/1 од 21.05.2021 година и едногласно заклучи на

Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Берово, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Agro TV“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 5</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2031/1 од 21.05.2021 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на РС Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Канал 5“, „Алфа ТВ“, „Сител“ и „Телма“ кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2050/6**
**02.06. 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**